Предлагач:Група пратеници

Предлог на закон

за дополнување на Законот за акцизите,

по скратена постапка

Скопје,јуни 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: | 24. 06. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Njësia. Org. | Број Numer | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 3644/1 | | |


До
Претседателот на Собранието на
Република Северна Македонија

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139,144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за дополнување на Законот за акцизите, по скратена постапка.

Пратеници:

В О В Е Д

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со предложениот Предлог на закон за дополнување на Законот за акцизите се предлагаат одредби кои имаат за цел доработување и прецизирање на одредбите од Законот за акцизите. Целта на предложените дополнувања е спортот да го добие вниманието кое го заслужува. Со оваа измена се овозможува еден денар од секој наточен литар дизел гориво директно ќе биде наменет за спортот. Со тоа се обезбедува потикнување на спортот за млади,рекреативен и врвен спорт,подршка во младинскиот развој,инвестирање во спортски клубови за деца и млади,реконструкција и изградба на локални сали, терени, спортски игралишта како и поддршка за општини каде спортската инфраструктура е застарена или недоволна. На годишно ниво со овие средства ке се обезбеди зголемување на државното инвестирање во спортската инфраструктура,подршка на професионалниот кадар во училиштата и вложувања во науката за спортот.

Со Предлог законот за дополнување на законот за акцизите се обезбедува одржливо и предвидливо финансирање за спортскиот сектор.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта на Предлог законот е да се обезбедат дополнителни извори на приходи за финансирање на спортските организации, клубови и федерации,како и за изградба, оджување и модернизација на спортскат инфраструктура во државата. Во услови на зголемени трошоци за спортските активности и потребата за подршка на младинскиот и професионален спорт,државата има обврска да создаде одржлив модел за финансирање на спортот.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот нема финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен закон, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија се предлага овој закон да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

за дополнување на Законот за акцизите

Член 1

Во Законот за акцизите (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/19, 143/19, 225/19, 275/19, 77/21, 57/22, 209/23 и 265/24), по членот 92 се додава нов член 92-а који гласи:

„Член 92-а

Врз основа на член 92 во кој е утврдена акциза за гасно масло како погонско гориво изразен во денари за литар, еден денар од утврдената акциза по литар се уплаќа во Министерството за спорт.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Северна Македонија.“.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

## I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ

Со Предлог на законот за акциза се опфатени 2 члена.

Во членот 1 од  Законот за акцизите се предвидува еден денар од наточен литар дизел гориво да се уплаќаат на Министерството за спорт.

Со член 2 се утврдува влегувањето на сила на овој закон.

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со предложените измени на Законот за акцизите се предлага дополнување на постојните решенија на Законот, иститe се меѓусебно поврзани и се однесуваат на една правна целина.

## III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Примената на предложеното законско решеније ќе придонесе за воведување на нов механизам за финансирање на спортот и негов одржлив развој во државата како и спортската култура и развојот на младите и ќе се создадат услови за поголеми спортски успеси на национално и меѓународно ниво.